**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-207/5
25 MAR 2025 год.
СКОПЈЕ

**Врска бр.18-586/1 од 19.02.2024година**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.в32/20 и 111/23), а во врска со одобрување на Урбанистички проект надвор од опфат на урбанистички план, Општина Аеродром го дава следново:

# СООПШТЕНИЕ

**за спроведување јавен увид на**
**Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, дистрибутивни центри со складови, на КП 2657/6 КО Горно Лисиче и КП 2657/11 КО Горно Лисиче - вонград, Општина Аеродром,**

Се известуваат сите заинтересирани граѓани, правни лица, научни и стручни организации, дека Општина Аеродром води постапка за одобрување Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП 2657/6 КО Горно Лисиче и КП 2657/11 КО Горно Лисиче - вонград, Општина Аеродром.

Границата на проектниот опфат граничи со соседни катастарски парцели, и тоа:
- на запад границата се движи по дел од границата со КП 2657/8 Горно Лисиче – вон град
- на север границата се движи по границата со КП 2657/10 КО Горно Лисиче – вон град и делови од КП 2657/5 и КП 2657/4 ,КО Горно Лисиче
- на исток границата се движи по дел од границата со постојниот пат КП 2658 КО Горно Лисиче.
- и на југ границата се движи по дел од границата со КП 2657/8 Горно Лисиче – вон град

Површината на планскиот опфат изнесува 1654,39 м2, односно 0.16 ха

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП 2657/6 КО Горно Лисиче и КП 2657/11 КО Горно Лисиче - вонград, Општина Аеродром, ќе биде ставен на увид на веб-страницата на Општина Аеродром – www.aerodrom.gov.mk, во рок од 15 дена, и тоа од 27.03.2025 до 11.04.2025 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави забелешки во однос на урбанистичкиот проект, преку архивата на Општина Аеродром.

Пристигнатите забелешки ги разгледува Комисијата за урбанизам од член 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува Записник со образложение за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на веб-страницата на општината.

**Изработил:**
Катерина Симоновска

**Контролирал:**
Страшко Хаџи Коцев

**По овластување од градоначалник**
**контролирал и одобрил:**
Иван Кокалановски